Република Северна Македонија
Нотар Снежана Видовска
*Скопје, ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр.52*
**17 февруари 2021 година**

***ИЗВОД***

***ОДУ број 118/21***

**НОТАРСКИ АКТ**
**ИЗЈАВА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРАВА И ОБВРСКИ ПО МЕНИЦА**

Јас, Нотар Снежана Видовска, од Скопје, ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 52, потврдувам дека во дввеилјадидеветнаесетата година, месец фервруари, ден седумнаесетти, во мојата нотарска канцеларија пристапија учесниците во постапката:-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. ГРИНМАРК РЕСТРАКТРИНГ СОЛУШНС ГМБХ** (Greenmarck Restructuring Solutions GmbH) друштво основано согласно законите на Сојузна Република Германија, со седиште на Вајденмајерштрасе 16, 80538, Минхен, (Widenmayerstr. 16, München), со број на фирма ХРБ 187052 (HRB 187052) застапувано од полномошникот **Бојана Панева**, Адвокат во Адвокатската канцеларија на Адвокат Ветон Ќоку, родена на ден 25.07.1992 година во Свети Николе, со живеалиште во Скопје, на ул. Васил Ѓоргов бр. 30-28, чиј идентитет го утврдив со увид во лична карта број А2223151 со ЕМБГ 2507992499502 издадена од МВР Скопје, како **ремитент**; и----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2. Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште во Скопје, на ул. 1732 бр. 4-Ламела А/ДП бр. 1, со ЕМБС 7221290, и ЕДБ 4080017567436, чиј субјективитет го утврдив со електронски увид во трговскиот регистар при ЦР на РСМ, застапувано од полномошникот **Сања Ламбершек,** вработена во Адвокатската канцеларија на Адвокат Љупка Новеска Андонова, родена на ден 23.01.1996 година во Скопје, со живеалиште во Скопје, на ул. Антон Попов бр. 20/2-10, чиј идентитет го утврдив со увид во лична карта број А2198643 со ЕМБГ 2301996455111 издадена од МВР Скопје, **како трасант-акцептант.**------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно одредбите од Законот за нотаријат и членот 81, став 1 и став 2 од Законот за меница, учесниците побараа од мене да составам Нотарски Акт-ИЗЈАВА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПОТПИСНИЦИ ПО МЕНИЦА, поблиску определена во овој Нотарски акт.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За оваа правна работа утврдив дека:-------------------------------------------------------------------------------

**ИУТЕКРЕДИТ ФАЈНЕНС С.А.Р.Л.**, друштво основано согласно законите на Големото Војводство Луксембург, со седиште на руе Едвард Штеихен (rue Edward Steichen), бр. 14, 2540 Луксембург, Големото Војводство Луксембург, и регистрирано во Трговскиот регистар на Луксембург, со регистарски број Б234678 (B234678), издаде на или околу 03.12.2020 година (третидекемврвдвеилјадиидваесеттагодина) обезбедени обврзници под ИСИН (ISIN) број XS2033386603 со номинална вредност од ЕУР 10.000.000,00 (десет милиони евра), заедно со обезбедените обврзници од прв ред во износ од 13% со рок на пристигнување 2023 година со износ и цена на издавање од ЕУР 40,000,000.00 (четириесетмилиониевра) кои се консолидираат и формираат единствена серија со вкупен износ од ЕУР 50,000,000.00 (педесетмилиониевра) а од која емисија произлегуваат обврски према имателите на обврзниците кои претставуваат збир од главните побарувања кои произлегуваат од Правилата и условите на обврзниците и се потврдени со Договорот за застапување склучен на ден 31.07.2019 година (како што е менуван на 26.03.2020 година и 01.12.2020 година)-------------------------------------------------------------------------------------

**Ремитентот ГРИНМАРК РЕСТРАКТРИНГ СОЛУШНС ГМБХ** на ден 31.07.2019 година има склучено Договор за заеднички застапник (како што е менуван на 26.03.2020 година и 01.12.2020 година) со **ИУТЕКРЕДИТ ФАЈНЕНС С.А.Р.Л.** за обезбедување на издадените обезбедени обврзници со рок на пристигнување 07.08.2023 година, за износ од **ЕУР 10.000.000,00** (десетмилиони евра) заедно со обезбедените обврзници од прв ред во износ од 13% со рок на пристигнување 2023 година со износ и цена на издавање од ЕУР 40,000,000.00 (четириесетмилиониевра) кои се консолидираат и формираат единствена серија со вкупен износ од ЕУР 50,000,000.00 (педесетмилиониевра), а согласно со Правилата и условите на обврзниците, согласно кој Ремитентот е назначен како заеднички застапник за имателите на обврзниците и (заедно со нив) настапува како солидарен доверител. Согласно тоа, ИутеКредит Фајненс С.а.р.л., е обврзано да му го исплати на Ремитентот било кој долг кој произлегува од Обврзниците.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Во согласност со Правилата и условите на обврзниците, регулирани со правото на Луксембург и горенаведениот Договор за застапување, за обезбедување на исплатата на обврските од страна на ИутеКредит Фајненс С.а.р.л. кои произлегуваат од Обврзниците, трасантот-акцептант е обврзан да издаде-трасира и да прифати меница, па за реализација на оваа негова обврска, трасантот-акцептант, на денот на потпишувањето на оваа Изјава-Нотарски акт издава-трасира и акцептира **една меница** од апоен од 500,00 (петстотини) денари, на **износ** од ЕУР 10.000.000,00 (десетмилиониевра), на име-по наредба на **ремитентот** ГРИНМАРК РЕСТРАКТРИНГ СОЛУШНС ГМБХ со ЕМБГ ХРБ 187052, со клаузула „**без протест**", со **време на пристигнување** 07.08.2023 (седмиавгустдвеилјадидваесети третта) година, **дата на издавање** 17.02.2021 (седумнаесеттифевруаридвеилјадидваесетипрва) година, **акцептирана** од трасантот ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со назнака-**признавам**. ------------------------------------------------------------------------------------------

---

Откако се уверив во фактот дека учесниците се способни и овластени за преземање и склучување на оваа правна работа, им ја објаснив целта, смислата и последиците што можат да произлезат од овој нотарски акт, се уверив во нивната вистинска и сериозна волја и дека располагањето во врска со оваа правна работа не е во спротивност на принудните прописи, па по кажувањето на учесникот трасант-акцептант, а врз основа на одредбите од Законот за Нотаријат, согласно чл. 81, став 1 и став 2 од Законот за меница, во нивно присуство ја составив следната------------------------------------------

---

--------------------------------------------------**ИЗЈАВА**--------------------------------------------------

-------**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПОТПИСНИЦИ ПО МЕНИЦА**-------------

----------------------------------------------**со извршна клаузула**----------------------------------------------

---

Дадена во Скопје во 17.02.2021 (двеилјадидваесетипрва година, месец февруари, ден седумнаесетти) од учесникот:------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште во Скопје, ул. 1732 бр. 4-Ламела А/ДП бр. 1, со ЕМБС 7221290, и ЕДБ 4080017567436, застапувано од **полномошник Сања Ламбершек** вработена во Адвокатската канцеларија на Адвокат Љупка Новеска Андонова, со живеалиште во Скопје, на ул. Антон Попов бр. 20/2-10, со лична карта број A2223151 и ЕМБГ 2507992499502 издадена од МВР Скопје, **како трасант-акцептант.**------------------------------------------------------------------------------------------

---

Јас Сања Ламбершек, под морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје застапувано од овластениот застапник Горан Василев, издава-трасира и акцептира меница од апоен од 500,00 (петстотини) денари, на **износ** од ЕУР 10.000.000,00 (десетмилиониевра), на име - по наредба на **ремитентот** ГРИНМАРК РЕСТРАКТРИНГ СОЛУШНС ГМБХ со ЕМБГ ХРБ 187052, со клаузула „**без протест**", со **време на пристигнување** 07.08.2023 (седмиавгустдвеилјадидваесетитретта) година, **дата на издавање** 17.02.2021 (седумнаесеттифевруаридвеилјадидваесетипрва) година, **акцептирана** од трасантот ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со назнака-**признавам** и истата на денот на потпишувањето на оваа Изјава ја предавам на овластениот претставник на ремитентот ГРИНМАРК РЕСТРАКТРИНГ СОЛУШНС ГМБХ.------------------------------------------------------------------------------------

---

Ние, ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје застапувано од Управителот Горан Василев, преку полномошникот Сања Ламбершек, со потпишувањето на меничниот бланкет и оваа Изјава-Нотарски акт, како **трасант-акцептант** согласни сме и ги прифаќаме обврските по меницата за сите суми кои ремитентот може да ги побара во максимум сума од главен износ од ЕУР 10.000.000,00 (десетмилиониевра), или еквивалентна сума во друга валута, плус било какви камати, даноци или фискални давачки, обврски, трошоци, такси, права, давачки, надоместоци и обештетувања. Со потпишувањето на оваа меница и оваа Изјава-Нотарски акт, како **трасант-акцептант**, прифаќаме во рокот на пристигнатост определен од ремитентот, на прв повик безусловно, без претходно известување и **без протест** да го платиме износот кој е назначен на меницата.------------------------------

---

Со потпишувањето на меничниот бланкет и оваа Изјава-Нотарски акт, како **трасант-акцептант**, прифаќаме да го платиме износот кој ќе биде назначен во оваа Изјава-Нотарски акт со клаузула **без протест** и како трасант-акцептант ги прифаќаме обврските по меницата, при што со оваа Изјава-Нотарски акт неотповикливо го овластуваме ГРИНМАРК РЕСТРАКТРИНГ СОЛУШНС ГМБХ, како **ремитент**, преку неговите овластени лица да ја пополни меницата која ја издаваме и тоа со

запишување на сите битни и небитни елементи на меницата кои не се пополнети на денот на издавањето на меницата, а посебно датум на доспеаност, износот на меничната сума по основ на доспеани а неплатени парични побарувања на денот на доспевање на побарувањата, местото на плаќање на меничната сума, како и сите други елементи и клаузули, а потоа меницата **без протест** да ја употреби за наплата на достасаните а неплатени обврски на ИутеКредит Фајненс С.а.р.л. кон ремитентот определени согласно Правилата и условите на обврзниците.----------------------------------

Со потпишувањето на меничниот бланкет и оваа Изјава-Нотарски акт, како трасант-акцептант изјавуваме дека без протест, во рокот на пристигнатост определен од ремитентот-имател на меницата, на прв повик ќе го исплатиме износот кој е назначен во меницата, а ако тоа не го сториме изјавуваме дека изречно се согласуваме и без присуство на наши овластени лица, ремитентот врз основа на оваа Изјава-Нотарски акт и врз основа на меницата непосредно да може да побара да му се исплати износот на побарувањето назначен на меницата од паричните средства на нашите сметки во сите банки каде имаме отворено или каде ќе отвориме сметки.-------------------------------------------

Со потпишувањето на меничниот бланкет и оваа Изјава-Нотарски акт како трасант-акцептант, изјавуваме и потврдуваме дека во согласност со член 42, став 3 од Законот за меница го продолжуваме рокот од една година за поднесување на исплата на меницата и ремитентот може да побара исплата на меницата во било кое време согласно Правилата и условите на обврзниците и Договорот за застапување.----------------------------------------------------------------------------------

Со потпишувањето на меничниот бланкет и оваа Изјава-Нотарски акт како трасант-акцептант експлицитно се согласуваме и наложуваме врз основа на оваа Изјава-Нотарски акт, со поднесување на меницата за наплаќање непосредно од страна на ремитентот, банката каде што е поднесена меницата на наплаќање да изврши исплата на ремитентот-имател на меницата **Гринмарк Рестрактринг Солушнс Гмбх.**-----------------------------------------------------------------------------

**Доколку на имателот на меницата по било кој основ, не му биде исплатен износот што е назначен на меницата или пак делумно не се исплати, изречно сме согласни имателот на меницата, врз основа на оваа Изјава-Нотарски акт, непосредно да бара, согласно член 81, став 2 од Законот за меница, без протест на меницата наплата на износот од меницата или делот на неисплатениот износ, од целокупниот движен и недвижен имот на трасантот-акцептант, како и од сите сегашни и идни парични побарувања, други имотни права, како и од сите банкарски сметки на трасантот-акцептант, во извршна постапка пред надлежниот извршител на начин и со средства согласно Законот за извршување или друг закон или пропис кој ќе биде во важност на денот на извршувањето на меницата и оваа Изјава-Нотарски акт (извршна клаузула).**-------------------------------------------------------------------------------------

Изречно сме согласни, по пристигнувањето на побарувањето по основ на меницата, а доколку истото не му биде платено на ремインтентот, оваа Изјава-Нотарски Акт да има својство на извршна исправа и имателот на меницата врз основа на оваа Изјава-Нотарски акт да може да бара присилно извршување.--------------------------------------------------------------------------------------------

Со потпишувањето на оваа Изјава-Нотарски акт трасантот-акцептант експлицитно се обврзува да ги почитува специјалните обврски поставени во условите 11.2 (*распределби*), 11.3 (*Котација на обврзници*), 11.4 (*Финансиско задолжување и дисквалификувани акции*) 11.5 (*Негативен залог*), 11.6 (*Давање на заеми*), 11.7 (*Располагање со средства*), 11.8 (*Спојувања*), 11.9 (*Ограничување за исплата на дивиденди и други плаќања*), 11.10 (*Дополнителна гаранција*), 11.11 (*Дополнително обезбедување на трансакцијата*), 11.12 (*Деловни односи со поврзани страни*), 11.13 (*Усогласеност со законите*), 11.14 (*Финансиски извештаи и информации*), 11.15 (*Договор за заеднички застапник*), 11.16 (*Дополнително обезбедени доверители*) од Правилата и условите на обврзниците. Во случај на непридржување кон било кој од овие услови, трасантот-акцептант потврдува дека ремитентот, имател на меницата може да побара извршување на оваа Изјава-Нотарски акт. ---------------------------

Учесниците во оваа правна работа се согласија доставата на сите писмена во врска со оваа Изјава-Нотарски Акт да се смета за полноважна доколку биде извршена по пошта со препорачана пратка на следните адреси:----------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ** Скопје на адреса: 1732 бр. 4- ламела А/ДП бр. 1, Центар; и ---

**Гринмарк Рестрактринг Солушнс Гмбх** на адреса: Вајденмајерштрасе 16, 80538, Минхен, Германија. ---

---

Со потпишувањето на оваа Изјава-Нотарски акт, согласни сме доколку го промениме седиштето, за извршената промена во рок од 3 (три) дена да го известиме по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известие, Реминтентот, имателот на мениците, и Нотарот кој го составил овој нотарски акт, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена доколку е направен обид писмената уредно да се предадат на адресите наведени во оваа Изјава-Нотарски акт.-

---

**Гринмарк Рестрактринг Солушнс Гмбх**, застапуван од полномошникот Бојана Панева, во својство на **ремитент**, изјавува:---

---

Во целост сме согласни со условите и начинот под кои се уредени правата и обврските на потписниците на меницата, и изјавуваме дека сме согласни оваа Изјава-Нотарски Акт во целост да има својство на извршна исправа.---

---

Учесниците во оваа правна работа се согласни дека сите спорови ќе ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно, договорните страни ја определуваат стварната и месна надлежност на Основниот граѓански суд Скопје.---

---

Измена и дополнување на актот се вршат со Анекс на Изјавата во форма на нотарски акт.---

---

Согласни сме Нотарот да изврши исправки на јазични и технички грешки во оваа Изјава-Нотарски-- акт и во случај такви да се јават после потпишувањето на Изјавата-Нотарски акт при нејзина повторна проверка со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријат, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и која ќе им биде уредно доставена.---

---

Учесниците под нивна морална, материјална и кривична одговорност изјавуваат дека доказите кои ги приложуваат кон овој акт се веродостојни, правно валидни согласно законите на заемјите во кои се регистрирани друштвата и на денот на потпишувањето на оваа Изјава-Нотарски акт се во правна важност.---

---

Прилози кон оваа Изјава-Нотарски Акт се: ---

**Извод** од Трговски регистар Б на Основен суд Минхен од 22.01.2021 година со Апостил број 910 а 1128/2021 од 01.02.2021 година-***А***; **Полномошно** од Гринмарк Рестрактринг Солушнс ГмбХ издадено на ден 03.12.2020 година заверено од Себастијан Херлер (Себастиан Херрлер) на 03.12.2020година под УР бр. Х4089/20 (Н4089/20), со Апостил број 910 а 15757/2020 од 21.12.2020 година -***Б***; **Потврди** за електронски увид во трговски регистар на ЦР на РСМ-***В;*** **Полномошно** УЗП бр. 6968/2020 од 25.11.2020 година од Нотар Снежана Видовска од Скопје-***Г***; **Извадок** од регистар за трговски друштва на Големото Војводство Луксембург од 25.11.2020 година за ИутеКредит Фајненс С.а.р.л. со Апостил бр. В-20201125-307483(В-20201125-307483) од 25.11.2020 година-***Д***; **Одлука** од единствениот содружник на Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје од 30.11.2020 година -***Ѓ***; **Договор** за заеднички застапник од 31.07.2019 година изменет и дополнет на 26.03.2020 година и 01.12.2020 година со **Правила** и услови на обврзниците-***Е***; **Сеопфатна обврзница** издадена од ИутеКредит Фајненс С.а.р.л. со ИСИН (ISIN) број XS2033386603-***Ж,*** **Записник** од состанок на управен одбор на ИутеКредит Фајненс С.а.р.л. од 23.11.2020 година -***З***; и една **сопствена меница** трасирана и акцептирана од Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје -***Ѕ***. ---

---

Оваа Изјава-Нотарски акт лично ја составив на пет страници од пет листа во три примероци, истиот лично заедно со прилозите кон него се прочитани и објаснети на учесниците и потврдувам дека има сила на ***извршен Нотарски акт***.---

---

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

При составувањето издадени се 2 (два) изводи на учесниците во оваа правна работа, од кои еден извод истоветен со изворникот и со заверени прилози се издава на ремитентот и истиот претставува извршна исправа, еден примерок со прилози во обичен препис се издава на трасантот-акцептант и истиот по негова изречна согласност не претставува извршна исправа.------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Учесниците ја потпишуваат оваа Изјава-Нотарски акт и истовремено изјавуваат дека Изјавата-Нотарски акт и прилозите кон неа им се прочитани и објаснети и дека одговараат на нивната волја.--

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Изјавата ја даваат:**------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ремитент:---------------------------------------------------------------------------------------------------------

За Гринмарк Рестрактринг Солушнс Гмбх, полномошник-----------------------------------------------

**Бојана Панева:с.р.**------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Трасант-акцептант, ---------------------------------------------------------------------------------------------

За Финанскиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје полномошник--------------

**Сања Ламбершек:с.р.**----------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 155 ст.3 од ЗН во износ **500,00** денари е наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.----------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда е пресметана во износ од **60.000,00** денари и трошоци по пресметка.----------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ бр. 118/21**---------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје, **17.02.2021** (дваилјадидеветнаесетата година, месец февруари, ден седумнаесетти).-------

Во 15,00 (петнаесет) часот.--------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР,Снежана Видовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР СНЕЖАНА ВИДОВСКА СКОПЈЕ

**Јас, НОТАР, СНЕЖАНА ВИДОВСКА**

за подрачјето на основните судови на градот Скопје

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е **прв**, извод-**потполн**, кон кого **е/се приложен/и** **10 (десет)** преписи од прилогот на нотарската исправа.
Број: **ОДУ 118/21**
Во Скопје,**17.02.2021** година

**НОТАР**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СНЕЖАНА
ВИДОВСКА
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**500 ДЕНАРИ**

СЕ ПЛАЌА ИЗНОС НАД 200.000 ДЕНАРИ

ВО Скопје НА 17.02 20 21 ЕУР 10.000.000,00

07.08.2023 ќе платат ~~ПЛАТЕТЕ ЗА ОВАА~~ сопствена МЕНИЦА

ПО НАРЕДБА НА Примарк фектроринг солушнс ГмбХ, ЕМБС ХРБ 187052 ИЗНОС ОД

ЕУР: 10,000,000,00

ВРЕДНОСТА Е ПРИМЕНА ____ И СТАВЕТЕ ЈА ИСТАТА НА СМЕТКАТА

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Прифатени
Ијуте Кредит Македонија дооел Скопје
1732, бр. 4, Ланета Аидп
бр. 1, Центар, Скопје
ЕМБС: 7221290
Полномошник
Сања Ламберштек
ЕМБГ: 2301996455111

ПЛАЌАЊЕ Без протест

Ијуте Кредит Македонија дооел Скопје, 1732 бр. 4, Ланета Аидп Центар, Скопје, ЕМБС: 7221290
Полномошник
Сања Ламберштек
ЕМБГ: 2301996455111

Издава Народна банка на Република Македонија

5

Јас, НОТАР Снежана Видовска
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Меница број / од / издаден од ИУТЕ КРЕДИТ ДООЕЛ Скопје.

Напишан е со други механички средства (фотокопија), кој има 1 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Сања Ламбершек ул. Антон Попов бр. 20/2-10, Скопје

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 50.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200.00 денари.

Број УЗП 1149/2021

Во Скопје 17-02-2021

Нотар
Снежана Видовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СНЕЖАНА
ВИДОВСКА
СКОПЈЕ